РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETEROR PER PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-2334/2
15-10-2025 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 23-тата седница одржана на ден 13.10.2025 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата со број 12-2334/1 од 27.08.2025 година, поднесена од --------------------, поранешен директор на СОУ "------------------------------- "------------------, преку адвокат ----------------------- од Прилеп со наводи за сомневање за прекршување на членот 8-а од Изборниот законик од страна на Градоначалникот на Општина ---------------------, СЕ ЗАПИРА.

ДКСК утврди дека согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно постапување, од причина што дејствијата поврзани со пријавениот случај од страна на општината биле преземени во време кога не биле распишани Локалните избори 2025 година и не се применувале забраните утврдени во членот 8-а од Изборниот законик.

Предметот со број 12-2334/1 од 27.08.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

На ден 27.08.2025 година доставена е пријава од познат подносител, во која се изнесени наводи за сомневање за прекршување на членот 8-а од Изборниот законик од страна на Градоначалникот на Општина ----------------------, со преземање на дејствија поврзани со спроведување на постапка за разрешување на директорот на СОУ "--------------------------" ------------------, --------------------- и именување на вршител на должноста директор на споменатото училиште, -------------------, во време на веќе распишани Локални избори 2025. Имено, во пријавата се наведува дека на 05.08.2025 година, Градоначалникот на Општина ------------------ донел Одлука за разрешување на директорот на СОУ „----------------------" ---------

-----, -------------------, со бр.--------/-- и Одлука за именување на вршител на должноста директор на СОУ „-------------------------" во -----------------, ------------------- со бр.----------/-- од 05.08.2025 година.

Како што е наведено во пријавата, одлуката за разрешување на директорот е доставена од директорот, до сега пријавителот на ден 14.08.2025 година, односно пет дена по распишување на Локалните избори 2025. Врз основа на Одлуката за именувањена вршител на должноста директор на СОУ „------------------------" во ------------------, ------------------, Градоначалникот на Општина ------------------, новоименуваниот вршител на должност поднел пријава за упис на промена во Централен Регисар на РСМ и истата е извшрена на ден 25.08.2025 година.

Како што е наведено во пријавата, правното дејство на одлуката за разрешување на директорката настапило со негова уредна достава на сега разрешениот директор, на ден 14.08.2025 година, односно Градоначалникот спровел дејствија за спроведување на разрешување на директорот по распишување на изборниот процес на 09.08.2025 година, иако бил должен согласно одредбите од чл. 8-а од Изборниот законик, постапката да ја стави во мирување се до завршување на изборниот процес, кога ќе ја продолжи постапката со примопрадавање на функцијата и упис на промената во Централниот Регистар на РСМ.

Со цел проверка на наводите во пријавата и утврдување на фактичката состојба, ДКСК го утврди следното:

- Решението за распишување на Избори за членови на Советите на Општините и Советот на Градот Скопје и за Градоначалници на Општините и Градоначалник на Градот Скопје, е донесено од страна на Претседателот на Собранието на РСМ на 09.08.2025 година. (бр.09-4408/1).
- Одлуката за разрешување на директор на СОУ „-------------------------" ------------------, -----------------------, доставена во прилог на пријавата, донесена е на 05.08.2025 година од страна на Градоначалникот на Општина -----------------, четири дена пред распишување на Изборите за членови на Советите на Општините и Советот на Градот Скопје и за Градоначалници на Општините и градоначалник на Градот Скопје. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, односно на 05.08.2025 година, пред распишување на Локалните избори 2025 година.

Во образложението на споменатата одлука е наведено дека истата е донесена по доставено Решение за задолжение за постапување со број --------- од 04.08.2025 година на ден 04.08.2025 година, од страна на Државниот просветен инспекторат до Градоначалникот на Општина -----------------, со кое се задолжува Градоначалникот веднаш без одлагање а најдоцна во рок од 30 дена да постапи по истото, односно да го разреши директорот.

По утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК утврди дека Градоначалникот на општината, постапувајќи согласно даденото решение за задолжување од страна на Државниот просветен инспекторат, ја донел одлуката за разрешување на споменатиот директор на ден 05.08.2025 година, четири дена пред распишување на Локалните избори 2025 година (09.08.2025 год.), која влегла во сила со денот на нејзиното донесување, што укажува на тоа дека овие дејствија од страна на Општината биле преземени во време кога не биле распишани Локалните избори 2025 и не се применувале забраните утврдени во членот 8-а од Изборниот законик.

Оттаму, ДКСК констатира дека во пријавениот случај неможе да стане збор за прекршување на одредбата од членот 8-а од Изборниот законик, од причина што истата не се применувала во моментот на донесување на одлуката за разрешување на споменатиот директор, па оттаму утврди дека во пријавниот случај нема елементи за натамошно постапување на ДКСК и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Заменик претседател
м-р Цвета Ристовска

Изготвил: м-р Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р С.Д., Член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk